**Корупцијата и натаму е петта на листата на општествени проблеми за граѓаните.** За нив, поважни се прашањата од егзистенцијална природа, како невработеноста, сиромаштијата и ниските приходи, но и политичката нестабилност. Ова го покажа новиот Извештај за проценка на корупцијата што го подготви МЦМС.




„**Расте коруптивниот притисок од страна на службениците и вклученоста во корупција од страна на граѓаните** “, истакна Емина Нурединоска, од МЦМС која го презентираше извештајот на конференцијата **Борбата против корупцијата - предизвик за заедничко делување на граѓаните и институциите** што се одржа на 28 март 2018 година во Скопје. „Според овогодишните податоци, **36,3% од граѓаните биле изложени на коруптивен притисок** , што е за 5,8 процентни поени повеќе, споредбено со 2016 г. и 10 процентни поени

споредбено со 2014 година“, додаде таа. Сепак,
**расте и отпорот на корупција**
што се гледа преку вклученоста која е 31,4%.
**Притисокот е поголем врз етничките Албанци (81%)**
во однос на етничките Македонци (53%). Граѓаните очекуваат дека тој
**притисок и во иднина ќе постои**
и оваа перцепција е влошена во однос на 2016 година за 12 процентни поени. Поврзано со ова е и
**трендот на зголемување на прифатливоста на корупцијата**
. За 50% од граѓаните тоа е прифатлив начин на однесување. Според Нурединоска, загрижува податокот дека младите се најтолерантни кон корупцијата.



Повеќе од половина од граѓаните (61,9%) сметаат дека корупцијата е распространета меѓу службените лица. **Тројца од четворица сметаат дека судиите и јавните обвинители се најкорумпирани.** Над 65% од граѓаните сметаат дека пратениците, министрите, лидерите на политички партии и локалните лидери се најкорумпираните професии. **Гледано по сектори, на прво место по корумпираност, граѓаните ги ставаат судовите и обвинителството, а на второ, Министерството за здравство**
и јавниот здравствен сектор.

**Граѓаните не се оптимисти за искоренување на корупцијата.** Секој петти смета дека таа не може да биде намалена, а 46,9% сметаат дека секогаш ќе постои но, може да биде намалена. Она што загрижува е
**неказнивоста на корупцијата во Македонија**
. Имајќи предвид дека 31,4% од испитаниците потврдиле дека биле вклучени во корупција, проектирано на вкупното население станува збор за 519.727 граѓани. Ова **упатува на заклучок дека се извршени минимум половина милион кривични дела** од областа на корупцијата. Од друга страна,
**во 2016 година само 145 лица биле осудени за злоупотреба на службена должност или поткуп**
, што значи стапка на
**ефикасност на институциите од 0,03% случаи**
откриени и завршени со пресуда.

**Министерството за внатрешни работи, Владата и Специјалното јавно обвинителство**

**уживаат најголема доверба како институции за справување со корупцијата.**

На конференцијата се обратија и **Кочо Анѓушев**, заменик на претседателот на владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори и
**Пол Едвардс**
(Paul Edwards), заменик шеф на мисијата на Британската амбасада во Македонија.

Конференцијата е дел од проектот „ Следење на работата на ДКСК “, што го спроведува МЦМС, а кој е поддржан од Британската амбасада во Македонија.